го. Од наведените, како одделна збирка, секако би требало да се изнесе дека Архивот располага со голем број на ориентални документи и ракописни и печатни книги, кои се пишувани на турски, арапски и персиски јазик. Документите главно се: фермани, берати, бујурлдији, повели, худжети, мураселе чивчиски уговори, молби, преставки, жалби, па разни трговски, приватни и државни писма и др. Сите документи се поврзани и се однесуваат за територијата кај што делува Архивот. Поради тоа за проучување на нашиот крај за тој период без овие турски документи не би можело да се расветлуваат низа интересни настани. Ракописните книги кои се пишувани на убав стил од ориенталните јазици си имаат своја вредност, дотолку повеќе што некои ги имаат пишувано можеби и наши луѓе од овие краишта, а некоја книга и се однесува за овој наш крај, но ние сѐ уште незнаеме што сѐ содржат.

Секако најинтересни се материјалите од приватните семејства кои се однесуваат за 19 век, па сѐ до 1944 год. Такви видни семејства кои во свое време биле трговски и политички сили се: Огњенови, Германови, Дејковци од Вевчани, Гоџовци од Струга, Чакаревци од Струга, Илијаз Исмаил Дејар од Охрид, Милевци од Струга, Милоски од Ресен и други.

Наведените архивски и други материјали постепено ги средуваме. Сега се средени скоро сите архивски материјали од околиите Охрид, Дебар, Струга и Кичево и тие веќе можат да се користат. Архивот во секое време на многу заинтересирани научни и културни работници им пружа материјали, за да ги пишуваат своите трудови.

Идните резултати и работи ќе зависат многу од заедничкото финансирање од сите општини кои го основале Архивот, а потешкотии во тоа секогаш ќе има, но постепено ќе мораат да се пребродуваат. Така Охрид се здоби со уште една културна институција, која на свој начин го оправдува секогаш своето постоење.

**И. Маневски**

## КАКО РАБОТИ СЕКЦИЈАТА МЛАДИ ИСТОРИЧАРИ ПРИ ГИМНАЗИЈАТА „СЛАВЧО СТОЈМЕНОВ" ВО ШТИП

Слободните активности како составен дел на наставата се од голема важност и дел од нашата современа педагошка практика. Со општиот закон за школство и со интенциите на наставниот план и програма за училиштата од прв и втор степен, слободните активности станаа составен дел на училишниот живот, една од формите за проширување, дополнување и збогатување на наставата.

Иако немаме голема традиција во споредувањето на слободните активности, иако нѐ дели кус временски период од воведувањето на организацијата на слободните активности во нашата наставна практика, се согледуваат, иако скромни во почетокот, извесни резултати.

Учениците сами се определуваат во која слободна активност ќе

сè приклучат во зависност од нивната желба, склоност и интерес. Преку слободната активност млади историчари, како и преку другите слободни активности, а во зависност од типот и содржината на работата на слободната активност, учениците ја поврзуваат теоријата со практиката.

Како во минатата, така и во оваа учебна година при Гимназијата се одвиваше слободната активност на Секцијата млади историчари, со цел да го зголеми интересот и творечката активност кај учениците за историската наука. Преку неа уечниците ги прошируваат, продлабочуваат своите знаења, а истовремено се оспособуваат за критичко проучување на историската литература и расветлување на оние историски настани и личности кои слабо се расветлени во учебниците и историската литература.

Секцијата броеше околу четириесет ученици, предимно од третите и четвртите класови. Нејзината работа се одвиваше преку изработен од одговорниот наставник план и програма која наполно се реализира и се постигнати големи резултати.

Со цел да се спази и овде самоуправувањето, секцијата имаше свој таканаречен Одбор на секција. Одборот се грижеше за редовноста, активноста на членовите, собирање на членарината и сл. Секој член на секцијата плаќаше годишно по сто стари динари и од таа собрана општа сума се набавуваше хартија и прибор за изработка на историски карти, откуп на стари книги и документи во колку за нив се бараат пари и сл.

Членувањето во секцијата не повлекуваше со себе никаква привилегија во оценувањето на нивните знаења за време на наставата во однос на другите ученици, за кое беа известени уште при самото формирање на секцијата. За да се активираат сите ученици, секцијата беше поделена на групи. Со цел да се спази демократскиот принцип, учениците сами се определуваа во едната или другата група, а секоја група имаше свои проблеми за обработување. Една група беше задолжена да изработува реферати, друга прожектирање на филмови и ракување со киноапаратот, трета изработување на историски карти и албуми и четврта група собирање на историска документација, стари книги, пари и сл.

Изборот на теми за обработување зависеше од интересот на самите членови на Секцијата за поедини историски проблеми и од насочувањата на темите се водеше сметка со каква историска литература располага не само библиотеката во односната школа, туку воопшто библиотеките, архивот и музејот во Штип.

Во текот на работата беа подготвени повеќе реферати од кои сметам да нагласам неколку: „Млада Босна во борбата за национална независност“, „Трговијата во Штип во XIX век“, „Струга и групации во ВМРО од нејзиното создавање до Младотурската револуција“, „Работничкото движење во Македонија до Балканските војни“, „Крушовската република во илинденската епопеја“, „Улогата на Јане Сандански во македонското национално револуционерно движење“, „Сеќавање на Штипјани за работата на Гоце и Даме во Штип и располо-

жението на Штипјани за време на Илинденското востание (интервју на ученици со стари Штипјани)", „Прво заседание на АСНОМ", „Македонија меѓу двете светски војни"?, „Штип во НОБ" и „Борбата за независност на Југозападна Африка".

Рефератите беа изработувани со помошта на одговорниот наставник кој им ја насочуваше потребната литература, содржината која треба да се опфати и критичко проследување на определената литература во колку таа е од постаро време и не одговара на историската вистина. За терминот на читањето и насловот на рефератот, членовите на секцијата беа однапред една недела запознаени за да можат да се подготват за дискусија. По секој прочитан реферат се води дискусија за содржината, уводниот, главниот и завршниот дел на рефератот, неговите позитивни и негативни елементи, стилската и естетската страна на рефератот, а на крајот и оценка со цел да се даде вредност на изработеното.

Преку рефератите учениците добиваат пошироки знаења за поедини историски настани и улогата на поедини историски личности во блиското и далечното минато, се оспособуваат за правилно користење на литературата и начинот на пишувањето и третирањето на поедини историски проблеми. Понатаму, не од мала важност е и примената на наставниот филм не само на редовните часови, туку и погодно место истиот зазема речиси во сите слободни активности. Овде има погодни услови за таа цел, бидејќи школата е претплатена за наставни филмови при Заводот за наставен филм Скопје. Преку наставните филмови учениците просторно и временски се доближуваат до историските настани. Се запознаваат со местата каде се случиле историските настани, производните сили и производните односи во минатото, односот на силите во едно историско судрување, физиономијата на борците, хероите или злосторниците итн. Преку филмовите се развиваат патриотските чувства, а омраза спрема непријателот и сл.

Во текот на годината прикажани се следните филмови: Илинденско востание, Церска битка, Стара Грција, Југославија во 1941 год., Не го признавам овој суд, Јасеновац, Црни шамии, Десантот на Дрвар, Пламени цвет, Четири децении, Од монархија до република и др.

Филмовите се прикажуваат во одредена просторија која е наменета за таа цел, а за да го разберат филмот учениците претходно се задолжени да ги прочитаат оние лекции кои се во врска со него. Со прожектирањето раководи одредена група која претходно е обучена од наставникот како да ракува со апаратот. По прожектираниот филм се води кратка дискусија, со цел да се средат впечатоците и импресиите од филмот.

Групата за изработување на историски карти и албуми покажа голема активност, беа изработени повеќе карти со кое училиштето не располага. Преку цртањето на историски карти, учениците ја согледуваат територијалната поделба на народите низ историјата, менувањето на граничните линии, формирањето на државни целини, просторното зголемување или намалување на поедини држави, се запознаваат со картографските знаци, местата каде се одиграле историските

настани и сл. Изработените карти и албуми истовремено го зголемуваат фондот на наставни средства. Такви карти беа изработени за: Самоиловото и Душановото царство, сите офанзиви од НОБ, технички пронајдоци и географски откритија, Косовска битка, Балкански војни и др.

Четвртата група успеа да пронајде само некои постари учебници, бидејќи за таа активност е потребно повеќе време и поголема истражувачка дејност. Важно е дека тие се запознаваат со начинот на собирањето на историската документација и нејзината вредност за историската наука.

Планот и програмата на историската Секција изгледа вака: На насловната страна горе пишува Слободна активност млади историчари, а долу одговорен наставник· На втората страна Одбор на секцијата, претседател, секретар, благајник и членови 1 . . . . . . , 2 . . . . . . , 3 . . . . . . , 4 . . . . . . На третата страна горе, членови на секцијата, а веднаш потоа листот е поделен на следните графи: Реден број, име и презиме, клас и отсуствување (ден и месец). Четвртата страна е продолжнеие од третата. На петтата страна горе пишува РЕФЕРАТИ, а под него постојат следните графи: реден број, насловот на рефератот, изработил, дата на читањето. На шеста страна горе прожектирање на филмови а под него графите: реден број, насловот на филмот, прожектирале, дата на прожектирањето. На седма страна горе стои: Изработка на историски карти и албуми, а под него графите: реден број, насловот на картата или албумот, изработил и дата кога е предадена картата.

Секцијата се состанува неделно еднаш, а временскиот термин е одреден спрема слободното време на учениците и наставникот.

Таа во својот план имаше предвидено екскурзија до некое историско место, но поради немање на материјални можности не се оствари.